| | | | План | Реализирано | План | Реализирано | План | Реализирано | План | Реализирано | План | Реализирано | План | Реализирано | Остатокот за реализација до крај на 2006 година |
| | | *ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА* | | | | | | | | | | | | | |
| 40 | | ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | | | | | | 3080 | | | | | 0 | 3.080 | -3.080 |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | | | | | | 3080 | | | | | 0 | 3.080 | -3.080 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 403 | Останати придонеси од плати | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| 41 | | РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| 42 | | СТОКИ И УСЛУГИ | | | 23.481.179 | 22.393.684 | 33.102.500 | 10.708.363 | | | | | 56.583.679 | 33.102.047 | 23.481.632 |
| | 420 | Патни и дневни расходи | | | | | 1.510.500 | 607.775 | | | | | 1.510.500 | 607.775 | 902.725 |
| | 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 16.525.805 | 16.091.427 | 1.921.000 | 745.403 | | | | | 18.446.805 | 16.836.830 | 1.609.975 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 1.568.539 | 1.488.162 | 8.434.000 | 2.688.949 | | | | | 10.002.539 | 4.177.111 | 5.825.429 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | | | 1.859.790 | 1.654.642 | 2.998.000 | 1.954.226 | | | | | 4.857.790 | 3.608.868 | 1.248.922 |
| | 425 | Договорни услуги | | | 3.068.354 | 2.798.383 | 16.429.000 | 3.978.099 | | | | | 19.497.354 | 6.776.482 | 12.720.872 |
| | 426 | Други тековни расходи | | | 458.691 | 361.071 | 1.810.000 | 733.911 | | | | | 2.268.691 | 1.094.982 | 1.173.709 |
| 43 | | ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИТЕ ФОНДОВИ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 432 | Трансфери до Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 433 | Трансфери до Фондот за здравство | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| 45 | | КАМАТИ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| 46 | | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | | | | | | 205576 | | | | | 0 | 205.576 | -205.576 |
| | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 464 | Разни трансфери | | | | | | 205576 | | | | | 0 | 205.576 | -205.576 |
| 47 | | СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 471 | Социјални надоместоци | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 472 | Плаќања на бенефиции од Пензиски фонд | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| 49 | | ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | | *КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА* | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | | | | 1.997.000 | 191.352 | | | | | 1.997.000 | 191.352 | 1.805.648 |
| | 481 | Градежни објекти | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 482 | Други градежни објекти | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | | | | 1.997.000 | 191.352 | | | | | 1.997.000 | 191.352 | 1.805.648 |
| | 484 | Стратешки стоки и други резерви | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 485 | Други нефинансиски средства | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 486 | Финансиски средства | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |

**Образложение:**

| Прилог 2 - Образец К1 | | ПРОГРАМА -В- Противпожарна заштита | Буџет за 2006 година | | Наменска дотација за | | Самофинансирачки | | Донации за 2006 | | Кредити за 2006 | | Вкупно за 2006 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализирано | План | Реализирано | План | Реализирано | План | Реализирано | План | Реализирано | План | Реализирано | Останато за реализација до крај на 2006 година |
| | | *ТЕКОВНИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА* | | | | | | | | | | | | | |
| 40 | | ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | | | 14.005.600 | 13.563.141 | | | | | | | 14.005.600 | 13.563.141 | 442.459 |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | | | 9.344.596 | 9.036.914 | | | | | | | 9.344.596 | 9.036.914 | 307.682 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 4.635.804 | 4.503.279 | | | | | | | 4.635.804 | 4.503.279 | 132.525 |
| | 403 | Останати придонеси од плати | | | 25.200 | 22.948 | | | | | | | 25.200 | 22.948 | 2.252 |
| 41 | | РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 412 | Постојани резерви (непредвидливи расходи) | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| 42 | | СТОКИ И УСЛУГИ | 3.706.000 | 1.018.160 | | | | | | | | | 3.706.000 | 1.018.160 | 2.687.840 |
| | 420 | Патни и дневни расходи | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | 1.451.000 | 860.388 | | | | | | | | | 1.451.000 | 860.388 | 590.612 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 730.000 | 37361 | | | | | | | | | 730.000 | 37.361 | 692.639 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 1.240.000 | 114.891 | | | | | | | | | 1.240.000 | 114.891 | 1.125.110 |
| | 425 | Договорни услуги | 205.000 | 4770 | | | | | | | | | 205.000 | 4.770 | 200.230 |
| | 426 | Други тековни расходи | 80.000 | 750 | | | | | | | | | 80.000 | 750 | 79.250 |
| 43 | | ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИТЕ ФОНДОВИ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 432 | Трансфери до Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 433 | Трансфери до Фондот за здравство | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| 45 | | КАМАТИ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 451 | Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| 46 | | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 464 | Разни трансфери | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| 47 | | СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 471 | Социјални надоместоци | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 472 | Плаќања на бенефиции од Пензиски фонд | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 474 | Плаќање на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| 49 | | ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт. | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | | *КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА* | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 481 | Градежни објекти | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 482 | Други градежни објекти | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 484 | Стратешки стоки и други резерви | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 485 | Други нефинансиски средства | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 486 | Финансиски средства | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |

**Образложение:**

Бр.07- 667/2
09.03.2007
Прилеп

Претседател на Советот на
Општина Прилеп
Димитар Стојаноски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

### З А К Л У Ч О К

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" – ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА

1. Решението за усвојување на Извештајот за реализација на Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" – Прилеп за 2006 година,

се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 695/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.03.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 09.03.2007 година, донесе:

### Р Е Ш Е Н И Е

за усвојување на Извештајот за реализација на Оперативниот План на ЈКП "Комуналец" Прилеп за 2006 година

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Оперативниот План на ЈКП "Комуналец" Прилеп за 2006 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 667/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.03.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

### З А К Л У Ч О К

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ПО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" – ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА

1. Заклучоците по Извештајот за реализација на Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" – Прилеп за 2006 година,

се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 695/2-1 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.03.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 09.03.2007 година, претресувајќи го Извештајот за реализација на Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" – Прилеп за 2006 година, ги донесе следните:

### З А К Л У Ч О Ц И

по Извештајот за реализација на

Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" – Прилеп

за 2006 година

1. Во најскоро време ЈКП "Комуналец" да склучи Договор со основачот со кој ќе ги регулира односите со основачот, со напомена за надзорот за вршење на работите на секоја позиција од Договорот – Оперативниот план и назначување Надзорен орган за потврдување на квалитетот, квантитетот и цените на извршените работи.

2. Советот на Општината покренува иницијатива за ревидирање на Одлуката за цените на услугите на ЈКП "Комуналец" – прилеп.

3. Заклучоците ќе се објават во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 667/3-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.03.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

1. Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 695/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.03.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на точка 5 од Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Прилеп за 2007 година (“Сл.гласник на општина Прилеп”бр.15/06) чл.36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и чл.26,с.1,т.46 од Статутот на општина Прилеп(“Сл.гласник на општина Прилеп”бр.6/03 и 4/05), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на ден 09.03.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за ослободување од плаќање на надоместок за

уредување на градежно земјиште

Чл.1

Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија се ослободува од плаќање надоместок за комунално уредување на градежно земјиште за изградба на помошни фудбалски игралишта во Прилеп.

Чл.2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Прилеп”, а ќе се примени при издавање на урбанистичко техничка документација за изградба на истите.

Број 07 - 667/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.03.2007 година на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИ ТАКСИ**

1. Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на комунални такси, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 695/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.03.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 20 од Законот за комунални такси( “ Сл.весник на Република Македонија”бр.61/04 ),а во врска со член 26 т.46 од Статутот на општина Прилеп (“Сл.гласник на општина Прилеп” бр.6/2003 год.), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 09.03.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за измена и дополнување на Одлуката за утврдување накомунални такси

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси (“Сл.гласник на општина Прилеп” бр.10/05) во член 2 тарифен број 3 се менува и гласи:

“**За користење на просторот пред деловни простории за вршење дејност од м2 дневно:**

**1.Највисок степен**

**-прва подзона. . . . . . . . . . . . . . 15 денари**

**-втора подзона. . . . . . . . . . . . . 12 денари**

**2.Повисок степеп. . . . .. . . . . 8 денари**

**3.Основен степен......... . . . . . . .7 денари**

**4.Понизок од основниот . . . . ...6 денари**

**5.Најнизок степен. . . . . . . . . . . .5 денари**

**Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветна сметка во рамките на трезорската сметка на општината.”**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07- 667/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.03.2007 год на Совет на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА РАБОТА НА МЕСНИТЕ И УРБАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Правилата за работа на месните и урбаните заедници во Општина Прилеп, се објавуваат во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 695/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.03.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/2002), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 09.03.2007 година, донесе:

**П Р А В И Л А**

за работа на месните и урбаните заедници

Во Општина Прилеп

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овие Правила се уредува работата на облиците на месна самоуправа (месни и урбани заедници) основани на подрачјето на општината, а особено: надлежноста на месната самоуправа, организацијата, финансирањето, соработката, меѓу облиците на месна самоуправа, комуникацијата со општината, информирањето на граѓаните во месната самоуправа, надзорот и другите прашања од значење за работата на месната самоуправа.

Член 2

Граѓаните во општината ги основаат облиците на месните и урбаните заедници заради остварување на уставното право на месна самоуправа како облик на изразување на нивниот заеднички интерес и заради давање придонес за решавање на нивните секојдневни потреби во непосредната околина на подрачјето за кое тие се основани и вклучување во системот на одлучување во локалната самоуправа.

Член 3

Во општината се создаваат услови за основање на месни и урбани заедници, како битен елемент на општината и се овозможува на граѓаните да придонесуваат за нејзино подобро функционирање во целина, непосредно да ги согледуваат проблемите на заедничкиот живот во соседството, да расправаат за можностите за нивно решавање, да донесуваат одлуки и да здружуваат средства, како и непосредно да се ангажираат во спроведувањето на заеднички донесените одлуки.

Член 4

Месните и урбаните заедници работат во рамките на правата утврдени со Статутот на општината, Одлуката за основање и делегираните надлежности од Градоначалникот на општината.

Член 5

Месната и урбаната заедница има име утврдено со одлуката за основање.

На подрачјето на општината имињата на месните и урбаните заедници се разликуваат и не може да постојат две или повеќе месни или урбани заедници со исто име.

Член 6

Работењето на месната и урбаната заедница се однесува за подрачјето за кое е основана.

Член 7

Месната и урбаната заедница може да користи печат со кој ја потврдува автентичноста на потписите на овластените лица на донесените документи.

Печатот на месната и урбаната заедница е со округла форма со испишан тект на името на општината во концентричен круг, а името на месната и урбаната заедница е испишано хоризонтално во средината на печатот.

За употребата на јазикот и писмото на печатот, соодветно се применуваат одредбите од Статутот на општината што се однесуваат на употребата на службните јазици во општината.

Член 8

Месната, односно урбаната заедница ја претставува и застапува претседтелот на Советот на месната, односно урбаната заедница (во натамошниот текст Совет).

Во отсуство на претседателот на Советот, месната, односно урбаната заедница ја претставува и застапува член на Советот определен од претседателот на Советот.

Член 9

Месните, односно урбаните заедници меѓусебно соработуваат заради остварување на нивните заеднички интереси.

Заради остварување на заедничките интереси, месните односно урбаните заедници можат да соработуваат и да здружуваат средства со месни односно урбани заедници од подрачјето на други општини во согласност со Закон.

Член 10

Месната, односно урбаната заедница задолжително се евидентира во евиденцијата на облиците на месна самоуправа што се води во општината.

## II. РАБОТИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА МЕСНИТЕ – УРБАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Член 11

Во надлежност на месните, односно урбаните заедници е:

- разгледување и завземање ставови за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје;

-утврдување предлози за прашањата од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје;

- одлучување за одделни прашања што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на општината и органите на државната власт.

Член 12

Граѓаните во месната – урбаната заедница расправаат, даваат иницијативи за донесување одлуки и други прописи, одлучуваат за остварувањето на заедничките интереси, им даваат предлози на надлежните органи и превземаат мерки за разрешување на локални проблеми и проблеми од областа на:

- комуналните дејности (снабдувањето со вода и одведувањето на отпадните води, одржување на хигиената и зеленилото, изградбата и одржувањето на патната мрежа, уредувањето и одржувањето на гробиштата во селата идр.);

- заштитата на животната средина (заштита од загадување на водата, воздухот и почвата, заштита од прекумерна бучава идр.);

- урбанистичко уредување на просторот;

- јавниот превоз на патници;

- образованието, здравството и социјалната заштита;

- културни, забавни и спортски манифестации и одржувањето на објектите од јавен интерес;

- развивањето на добрососедските односи;

- снабдувањето со стоки и услуги како и заштитата на потрошувачите;

- други прашања од секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Член 13

Месните – урбаните заедници имаат право да даваат иницијативи и предлози за решавање на определени прашања од страна на општината, како и да бараат од општината да ги покренува тие прашања пред други надлежни органи.

Член 14

Месните – урбаните заедници даваат предлози до органите на општината за членови на посебните тела на општината кои разгледуваат прашања од областа на урбанизмот, заштитата на потрошувачите, односите меѓу заедниците застапени во општината, како и за други предлози за кои тоа е предвидено со закон, Статутот и другите прописи на општината.

Член 15

Месните – урбаните заедници вршат и определени работи од надлежност на општината, доколку им бидат доверени од Грдоначалникот.

Средствата за вршење на пренесените работи ги обезбедува општината.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕСНИТЕ - УРБАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Член 16

Во месните – урбаните заедници за вршење на работите од нивна надлежност се организира Собир на граѓани, се формира Совет, можат да се свикуваат специјализирани (интересни) собири и да се спроведува анкета.

### 1. СОБИР НА ГРАЃАНИ

Член 17

Собирот на граѓани (во натамошниот текст Собир) го сочинуваат сите полнолетни граѓани со живеалиште на подрачјето на месната – урбаната заедница.

Собирот се свикува со писмени известувања, преку дневниот печат, преку електронски медиуми.

Член 18

На Собирот се разгледуваат и се усогласуваат ставовите по прашања од надлежност на месната – урбаната заедница, се покренуваат иницијативи и се одлучува за прашањата од заеднички интерес на жителите.

Член 19

На Собирот на граѓани, граѓаните:

- покренуваат иницијатива до општината за распишување на референдум;

-предлагаат, утврдуваат и избираат членови на Советот;

- разгледуваат проекти од интерес за месната – урбаната заедница;

- расправаат и решаваат за други работи утврдени со Закон, Статутот на општината и други прописи на општината.

Член 20

Во одлучувањето на Собирот учествуваат полнолетните граѓани, а одлуки се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

За работата на Собирот се води записник.

Член 21

Собирот на месните – урбаните заедници на секое свикување избира претседавач на Собирот.

Член 22

Собирот во месните – урбаните заедници го свикува претседателот на Советот по Одлука на Советот и на предлог на 1% граѓани на месната – урбаната заедница.

Собирот се свикува во рок од 10 дена од денот на поднесувањето на предлогот од став 1 на овој член.

Доколку претседателот на Советот не го свика Собирот, граѓаните сами се организираат и го одржуваат Собирот.

Член 23

Со Собирот во месните – урбаните заедници до изборот на претседавач на Собирот, раководи претедателот на Советот.

Претседателот на Советот го предлага дневниот ред за работа на Собирот.

Собирот работи по точките од дневниот ред.

**2. СОВЕТ**

Член 24

Советот на месните заедници се состои од 3 до 7 члена.

Советот на урбаните заедници се состои од 7 члена.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 години.

Член 25

На членот на Советот, мандатот му престанува во следните случаеви:

- со оставка;
- поради смрт;
- Со промена на местото на живеење;
- Поради отсуство подолго од 6 месеци.

Член 26

Советот или одделни негови членови можат да бидат отповикани и пред истекот на мандатот поради:

- неоправдано отсуство од седниците на Советот;
- непочитување на Правилата за работа;
- непримерно однесување.

Член 27

Членувањето во Советот е доброволно и почесно.

а). Предлагање, утврдување и избор на членови на Советот.

Член 28

Членовите на Советот се избираат на Собир на граѓани со јавно гласање.

Член 29

Предлог на кандидат за член на Совет може да поднесе секој полнолетен присутен член на Собирот.

Предлозите за кандидати се даваат поединечно и секој има право да предложи само 1 кандидат.

Секој предложен кандидат дава согласност за прифаќање на кандидатурата.

Член 30

За утврден кандидат се смета кандидатот кој добил мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на Собирот.

Член 31

На Собирот на граѓани може да се предложат, односно утврдат најмногу два пати повеќе кандидати од вкупниот број на членови на Советот.

Член 32

Изборот на членовите на Советот се врши со јавно гласање со мнозинство гласови од присутните полнолетни граѓани на Собирот.

Јавното гласање се спроведува со кревање на рака.

Член 33

Ако при гласањето за членови на Советот двајца или повеќе кандидати добијат ист број на гласови и заради тоа не може да се утврди кој од нив добил мандат за член на Советот, гласањето се повторува за тие кандидати.

Ако при гласањето за членови на Советот не се избере потребниот број на членови на Советот, ќе се спроведе нова постапка за избор на онолку кандидати, колку што не се избрани.

б). Работа на Советот

Член 34

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се одржуваат по потреба.

Седниците на Советот се јавни.

Јавноста на работата на Советот, ќе биде регулирана со Деловникот за работа.

Член 35

Седниците на Советот ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот.

За својата работа Советот донесува Деловник за работа.

Член 36

Првата седница на новоизбраниот Совет ја свикува претседателот на Советот од претходниот состав во рок од 10 дена по одржувањето на изборите.

Член 37

Доколку првата седница на Советот не е свикана во рокот од претходниот член, членовите на Советот сами се состануваат и го конституираат Советот.

Член 38

На првата седница, Советот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови избира претседател на Советот на начин определен за избор на претседател на Советот на Општината, согласно Законот за локалната самоуправа.

До изборот на претседател на Советот со седницата раководи најстариот член на Советот.

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

Член 39

Советот работи доколку на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број членови на Советот.

Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 40

Во случај на престанок на мандат на член на Советот се спроведуваат дополнителни избори.

Член 41

Советот ги врши следните работи:

- донесува Програма и План за работа на месната – урбаната заедница;
- донесува одлуки за изградба, одржување и користење на објекти од јавен интерес;
- донесува Деловник за својата работа;
- поднесува иницијатива за распишување на референдум;
- утврдува предлози за кои граѓаните одлучуваат на Собир;
- се грижи за спроведување на Заклучоците на Собирот на граѓаните;
- именува членови на комисии и други тела на Советот;
- донесува одлука за свикување Собир на граѓани и превзема активности за нивно одржување;
- спроведува анкети;
- соработува со Градоначалникот, Советот на Општината и други органи и организации;
- врши и други рботи определени со Закон, Статутот на општината и други прописи.

Член 42

Советот за својата работа е одговорен пред Собирот на граѓаните.

Член 43

Претседателот на Советот ги врши следните работи:

- ја претставува и застапува месната – урбаната заедница;
- се грижи за подготвување на седниците на Советот;
- ги потпишува актите и заклучоците на Собирот на граѓани како и на органите и телата на месната – урбаната заедница;
- го информира Советот за својата работа;
- раководи со реализацијата на Програмата на месната заедница одобрена од општината;
- соработува со општинската администрација во реализацијата на надлежностите на месната – урбаната заедница;
- ги врши работите делегирани од Градоначалникот на општината;
- се грижи за законитоста на работењето на месната – урбаната заедница.

в). Работни тела на Советот

Член 44

За следење и разгледување на одделни прашања и појави, давање на предлози и предлагање на мерки, Советот може да формира работни тела и тоа:

- Комисија за уредување на населбата;
- Комисија за заштита и унапредување на човековата околина;
- Комисија за јавни дејности;
- Комисија за развој и унапредување на услужни дејности, занаетчиство, земјоделство и други стопански дејности; и
- Комисија за спорт и рекреација.

Советот по потреба може да формира и други работни тела.

Член 45

Со актот за формирање на работните тела се утврдува делокругот, составот и времето за кое се формираат работните тела.

Член 46

Работните тела за својата работа до Советот поднесуваат Извештај најмалку еднаш годишно.

3. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ (ИНТЕРЕСНИ) СОБИРИ

Член 47

За разгледување на одделни прашања Советот може да свика специјализирани (интересни) собири.

Како специјализирани (интересни) собири може да се свикаат:

- Собир на потрошувачи и корисници на услуги;
- Собир на родители;
- Собир на станари;
- Собир на индивидуални земјоделци;
- Собир на тутунопроизводители:
- Собир на лозари: и
- Други специјализирани собири.

На специјализираните собири се разгледуват прашања, состојби и проблеми од областите за кои е свикан Собирот.

На специјализираните собири можат да се поканат и претставници на општината, одделни подрачни единици на министерствата и други заинтересирани органи и организации.

4. АНКЕТА

Член 48

Анкетата е форма преку која граѓаните писмено се изјаснуваат за одредени предлози на Советот, Градоначалникот и Советот на Општинат за утврдување приоритет при решавањето на одделни прашања и давање мислења и предлози за прашања кои што би требало да се третираат во наредниот период.

Ако мнозинството од жителите по пат на анкета се изјаснат за определен предлог на Советот, Градоначалникот или Советот на Општината, во тој случај, истиот се смета за прифатен.

Одлука за спроведување на анкетирањето донесува Советот на месната – урбаната заедница.

**IV. ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА**

**МЕСНАТА – УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА**

Член 49

Месните – урбаните заедници, работите од својата надлежност ги извршуваат со стручна, техничка и материјална поддршка од општината.

Стручната поддршка подразбира подготовка на планови, проекти и други

материјали со кои месните – урбаните заедници покренуваат решавање на прашања од интерес на граѓаните на нивното подрачје.

Техничката поддршка подразбира составување, обработка и умножување на материјали, употреба на технички средства и помагала за административно работење и комуникација.

Материјалната поддршка подразбира обезбедување работни простории и опрема, надоместоци за комунални давачки и материјални средства за набавка на ситен и потрошен материјал.

Член 50

Поддршката на работата на месните – урбаните заедници се обезбедува преку државни службеници во општинската администрација, задолжени за месната самоуправа.

Претставниците на месните – урбаните заедници поддршката ја остваруваат непосредно со државниот службеник од став 1 на овој член.

Член 51

Поддршката на работата се обезбедува и преку дополнителни контакти на претставниците на месните заедници со државните службеници од општинската администрација.

Поддршка се обезбдува и преку задолжително присуство на раководни државни службеници од општинската администрација на собири и седници на Совет заради давање стручни појаснувања и образложенија на материјали за кои се расправа.

Член 52

За доверените работи од Градоначалникот на претседателот на Советот, целосно се обезбедуваат услови за нивно извршување.

За извршување на доверените работи се даваат упатства и насоки.

Вршењето на доверените работи подлежи на надзор и контрола од страна на Градоначалникот.

**V.ФИНАНСИРАЊЕ**

Член 53

Работата на месните – урбаните заедници се финансира од:

- Буџетот на општината;
- Средства што граѓаните нпосредно ги здружуват;
- Приходи од имот што општината им го дала на месните – урбаните заедници на управување;
- Средства што ќе ги отстапат заинтересираните правни и физички лица;
- Подароци; и
- Други средства.

Член 54

Од Буџетот на општината се финансира;

- тековното работење на месните – урбаните заедници;
- програмите за финансирање на одредени активности на подрачјето на месните – урбаните заедници;
- други потреби на месните – урбаните заедници.

Член 55

За финансирање на тековните активности, месната – урбаната заедница е должна до крајот на второто тромесечие на тековната година да ги достави до општината годишните потреби на средства за покривање на тековните трошоци.

Член 56

Со Програма за финансирање на одредени активности на своето подрачје, месните – урбаните заедници го утврдуваат видот на активностите, го определуваат износот и изворите на средства и ја определуваат динамиката за нивно извршување.

Програмата се доставува до општината до крајот на вториот квартал во календарската година, со предлог за нејзино вградување во Буџетот на општината за наредната календарска година.

Програмите за кои се обезбедени повеќе од 50 % од потребните средства од страна на месните заедници, имаат приоритет при утврдувањето на Буџетот на општината.

Член 57

Месните – урбаните заедници своето материјално-финансиско работење го извршуваат преку своја сметка, односно подсметка.

**VI. СОРАБОТКА МЕЃУ МЕСНИТЕ**

**- УРБАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

Член 58

Месните – урбаните заедници од подрачјето на општината остваруваат меѓусебна соработка и поврзување за остварување на заеднички цели и интереси.

Меѓусебната соработка се остварува преку:

- покренување на заеднички иницијативи до општината за решавање на прашања од нејзина надлежност;

- меѓусебно договарање за единствен приод во разрешување на прашања од заеднички интерес;

- размена на искуства од своето работење.

Меѓусебната соработка се остварува со организирање на средби на претставниците на месните – урбаните заедници, заеднички седници на советите и на работните тела.

Заедничките иницијативи на месните – урбаните заедници до општината за решавање на прашања од нејзина надлежност се покренуваат со усвојување на идентичен текст на иницијативата од страна на месните – урбаните заедници.

Член 59

Месните – урбаните заедници од подрачјето на општината можат да соработуваат и со месните – урбаните заедници од подрачјето на соседна општина.

Месната урбаната заедница е должна да ја извести општината за остварената соработка со месната – урбаната заедница од друга општина, ако соработката е остварена за прашања од надлежност на општината.

**VII. КОМУНИКАЦИЈА СО ОПШТИНАТА**

Член 60

Месните – урбаните заедници остваруваат комуникација со општината преку присуство на нејзини претставници на средби со градоначалникот на општината, со претседателот на Советот идр.

Средбите се одржуваат по иницијатива на претставници на месните – урбаните заедници или по иницијатива на градоначалникот на општината или Советот.

Претставници на месните – урбаните заедници можат да присуствуваат на седниците на Советот на општината особено кога се расправа за прашања, кои имаат допирни точки со интересите на жителите од месната – урбаната заедница.

Член 61

Месните – урбаните заедници редовно се информираат за седниците на Советот на општината со доставување на материјали за кои расправа и одлучува Советот на општината.

Месните – урбаните заедници по барање на Советот на општината даваат мислење по материјалите што се од непосреден интерес за граѓаните на месните – урбаните заедници.

**VIII.ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО УРБАНИТЕ – МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

Член 62

Советот на месната – урбаната заедница е должен редовно да ги информира граѓаните за покренатите иницијативи, за прашањата за кои непосредно одлучува како и за активностите што ги превзема, а што се од значење за граѓаните.

Информирањето на граѓаните се врши преку соопштенија истакнати на погодни места, преку средствата за јавно информирање или друг погоден начин.

**IX. НАДЗОР**

Член 63

Надзор над примената на Правилата за работа на месната – урбаната заедница врши општината.

**X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 64

Со влегувањето во сила на овие Правила престанува да важи Статутот на месната – урбаната заедница.

Член 65

Овие Правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 667/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.03.2007 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПЕШАЧКИ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за користење на јавните пешачки површини на подрачјето на Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 695/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.03.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа ( Сл. Весник на РМ бр 5/02), Советот на општина Прилеп на седницата, одржана на 09.03.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за изменување и дополнување на Одлуката за користење на јавните пешачки површини на подрачјето на Прилеп

Член 1

Во Одлуката за користење на јавните пешачки површини на подрачјето на општина Прилеп (,,Сл.гласник на општина Прилеп,, бр.4/2006 год )во член 3 став1, точка 2 се брише.

Член 2

Глава 4 од одлуката (вршење трговска дејност од мал обем на јавни површини ,член 9,10 и 11) се брише.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука се графички прилози за користење на јавните пешачки површини на подрачјето на општина Прилеп.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 667/7 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.03.2007 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Димитар Стевананџија

# С О Д Р Ж И Н А
## на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 3 од 13.03.2007 година

1. Квартален финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп - четврт квартал за 2006 година........................................................................................................................**Стр. 1**

2. Решение за усвојување на Извештајот за реализација на Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" – Прилеп за 2006 година. ..................................................................................................**Стр. 1**

3. Заклучоци по Извештајот за реализација на Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" – Прилеп за 2006 година. ...................................................................................................................................**Стр. 1**

4. Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште. ..**Стр. 1**

5. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на комунални такси. ...............**Стр. 1**

6. Правила за работа на месните и урбаните заедници во Општина Прилеп. ..............................**Стр. 1**

7. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за користење на јавните пешачки површини на подрачјето на Општина Прилеп. .............................................................................................**Стр. 1**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.